РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: 0507
Рок на чување: 10 год.
04-07-2016 година
Потпис,

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-001885/16-0021 од 28.06.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена отворена постапка со оглас број 03/2016 за доделување на договор за јавна набавка на работи - „Реконструкција на асфалтни површини на гранични премини“, како најповолен понудувач се избира:

Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „КООП ИНЖЕНЕРИНГ“ ДОО Куманово

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001885/16-0003 од 12.04.2016 година, за набавка на работи за реконструкција на асфалтни површини на гранични премини.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ до 5.000.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2016 година, раздел 09003, на сметка 637, програма 22, ставка 482.

Јавната набавката се спроведе со отворена постапка, во хартиена форма и со примена на електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 37, член 64 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001885/16-0021 од 28.06.2016 година со кој предлага како најповолен понудувач по предметната

постапка да се избере понудувачот: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „КООП ИНЖЕНЕРИНГ“ ДОО Куманово (ЕДБ 4017005152571 / ЕМБС 5948789), со доставена групна понуда број 05-001885/16-0012 од 08.06.2016 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска -Крстевска

Бр. 05-001885/16-0023
Скопје, 04-07-2016 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески